Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 04-4276/8**
**Датум: 09.07.2021 година**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 02/2021 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Мишо Василевски**, по пат на интерен оглас број 02/2021 се избира за работно место **УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за железнички сообраќај во Одделение за железнички сообраќај во Сектор за железници** - 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2021 со број 04-4276/6 од 08.07.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-3904/2 и 18-3902/2 од 29.04.2021 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-4275/1 од 15.06.2021 година за отпочнување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 02/2021 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на ден 21.06.2021 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар со Решение со број 04-4276/4 од 05.07.2021 година, направи административна селекција се одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 02/2021 за унапредување на административните службеници со број 04-4276/5 од 07.07.2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници на работно место од категорија Б со број 04-4276/6 од 08.07.2021 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2021.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ

Доставено до:
- Именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk